**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# П Р Е Д Л О Г
## на Закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност

**Скопје, ноември 2010**

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите и начинот на вршење на туристичката дејност во Република Македонија се уредени со Законот за туристичката дејност („*Службен весник на Република Македонија„ бр.62/2004, 89/2008 и 12/2009*).

Во текот на примената на законот, како и измените кои настанаа во правните прописи од други области, на директен или индиректен начин имаат влијание на имплементирањето на Законот за туристичка дејност, поради што се наложи потребата да се пристапи кон подготвување Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност.

Во подготвувањето на измените на Законот за вршење туристичка дејност постапено е по Мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија, подготвени од Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија, м-р Владимир Пешевски, извшени се консултации со приватниот сектор, стопанските комори во Република Македонија, високообразовните установи за туризам, а воедно направена е и компаративна анализа на соодветната легислатива во земјите од регионот (Словенија, Хрватска, Бугарија, Србија и Црна Гора).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на измените и дополнувањата на Законот за вршење туристичка дејност е поквалитетно нормативно регулирање на условите за вршење туристичка дејност, преку поедноставување и олеснување на неговата примена од страна на засегнатите деловни субјекти, подобрување на квалитетот на услугите во туристичката дејност и унапредување на казнената политика согласно препораките на Владата на Република Македонија.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

Во материјалниот дел од Законот, измените и дополнувањата се однесуваат на следните решенија :

- востановување два типа лиценцирани туристички агенции кои ќе работат со лиценца “А“, или лиценца “Б“. Се укинува постоењето на лиценцата “В” за вршење туристичка дејност, при што во голема мера е извршено олеснување и поедноставување на условите за добивање лиценца “Б”;
- се интервенира во делот права и обврски на агенциите, вршењето туристичка дејност со лиценца, издавањето и времетраењето на лиценцата, престанокот на важење на лиценцата, одземањето на лиценцата и условите за давање лиценца,
- се интервенира во делот услуги кои се нудат од страна на туристичките агенции, односно во туристички програми кои содржат специфични видови услуги покрај туристички водич, да бидат ангажирани и лица обучени за таков вид услуга;
- определувањето на висината на трошоците за полагање стручен испит за добивање сертификат за раководител на туристичка агенција, туристички водич и туристички придружник да премине во надлежност на високообразовние институции од областа на туризамот и угостителството, каде и се полага стручниот испит. Согласно постоечкиот закон, оваа надлежност е во рамки на Владата на Република Македонија;

Во делот на надзорот и казнените одредби, измените и дополнувањата се во следнава насока:

- рангирање на прекршоците ( прво ниво – административни престапи со процента незначителна опасност, второ ниво – прекршоци со проценета значителна опасност и трето ниво – прекршоци кои предизвикуваат тешки последици );
- намалување на висината на глобата за предвидените прекршоци, во просек за 50%, зависно од нивното рангирање и
- вградување одредби за укажување и едукација, за прекршоците од прв ранг т.е. прво ниво.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените измени и дополнувања на Законот за туристичката дејност не е потребно обезбедување финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија„ бр. 62/04, 89/08 и 12/09) по член 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

"Член 19-а

Вршителите на туристичка дејност при организирање на туристичките патувања, во патничките програми кои вклучуваат спортско-рекреативни, авантуристички и екстремни активности (скијање, нуркање, едрење, јавање, горско-планинско возење, сплаварење, рафтинг, истражување пештери, возење кануа и други слични водени возила, падобранство, едрење, параглајдерство, скокање со јаже и слично) освен ангажирање туристички водичи, треба да ангажираат и стручно оспособени лица за такви активности (тренери, инструктори, водичи и слично)."

Член 2

Во член 21 став 1 точката 2 се менува и гласи:

"да му се врати целата сума која ја платил по договорот, во рок кој неможе да биде подолг од 15 дена од денот на откажување на договорот, освен кога откажувањето е резултат на виша сила. Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи."

Член 3

Во членот 25 ставот 2 се менува и гласи:

"Лиценцата може да биде: лиценца "А" и лиценца "Б".

Член 4

Во членот 26 став 2 во точка 1 по зборот "регистар", се додаваат зборовите "и Документ за регистрирана дејност (ДРД образец);"

Во точка 3, точката и запирката се заменуваат со сврзникот "и".

Во точка 4, точката и запирката се заменуваат со "точка".

Точката 5 се брише.

Член 5

Во членот 27 ставот 3 се менува и гласи :

"Периодот на важење на лиценцата е неограничен".

Член 6

Во членот 30 ставот 1 се менува и гласи:

"Лиценцата престанува да важи:

1) врз основа на барање на носителот на лиценцата за бришење од регистарот на туристичките агенции;

2) врз основа на решение за одземање на лиценцата и

3) ако туристичката агенција во периодот на важење на лиценцата претстане да ги исполнува условите за вршење туристичка дејност, односно определените услови за добивање соодветна лиценца предвидени во членовите 31 и 32 од овој закон. "

Член 7

По членот 30, се додава нов член 30-а, кој гласи:

"30-а

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризамот, може да ја одземе лиценцата ако:

1) организаторот на патувањето во периодот на важење на лиценцата престане да исполнува најмалку два од предвидените услови за добивање лиценца, согласно членот 31 од овој Закон;

2) на организаторот на патување во периодот на важење на лиценцата му биде изречена повеќе од два пати прекршочна и управна мерка, поради неисполнување на обврските од членот 15 став 1 точки 5, 7, 10, 14 и 15 и членот 36 став 3 точки 11, 14 и 15 од овој Закон;

3) туристичката агенција – посредник со лиценца "Б" продава сопствени туристички аранжмани."

Член 8

Во членот 31 став 1 во воведната реченица се додаваат зборовите "- организатор на патување".

Точката 3 се менува и гласи:

"да има најмалку четири вработени лица, од кои најмалку едно лице со високо образование и две лица со доказ дека познаваат еден од светските јазици и "

Член 9

Членот 32 се менува и гласи:

"За добивање лиценца "Б" турстичката агенција – посредник во продажба на туристичко патување, мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има најмалку едно вработено лице, со доказ дека познава еден од светските јазици и

2) да има склучено договор за соработка со туристичка агенција - организатор на патување, со лиценца “А”.”

Член 10

Членот 33 се брише.

Член 11

Во членот 33-б ставот 4 се брише.

Член 12

Во членот 37 став 2 по зборовите “активности во” се додаваат зборовите “земјата и“.

Ставот 3 се брише.

Член 13

Членот 38 се брише.

Член 14

Во членот 42 ставот 4 се брише.

Член 15

Во членот 45-б ставот 4 се брише.

Член 16

Во членот 57 ставот 2 се менува и гласи:

“Заради побрз развој на туризмот и формирање поконкурентни цени на туристичките аранжмани за страмски туристи, ќе се донесе правен акт од страна на министерот надлежен за работите од областа на туризмот, со кој ќе биде пропишан начинот, видот и висината на субвенциите “

Член 17

Членот 61 се менува и гласи:

“Доколу при вршењето на инспекцискиот надзор, државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје утврди дека е сторена неправилност од членот 67 став 1 точка 3 и членот 68 став 1 точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој закон, државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената нправилност со укажување за отстранување на сторената неправилност во рок од осум дена и со

истовремено врачување на покана за спроведување едукација на лицето, или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата, односно градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот пазарен инспекторат, односно органот на државната управа кој го извршила инспекцискиот надзор во рок не подолг од осум дена, од денот на спроведување на инспкцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти, или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин, лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата, се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврената неправилност.

Доколку државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор при спроведување контролен надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор при спроведување контролен надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

Државниот пазарен инспектор, односно органот на државна управа кој што го извршил инспекцискиот надзор и кој што ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата, односно градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје.“

Член 18

Членот 62 се брише.

Член 19

Членот 65 се менува и гласи:

“Ако државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор при вршење на инспекцискиот надзор утврди дека вршителот на туристичката дејност:

1) врши активности спротивно на одредбите од членовите 37 на овој закон;

3) врши дејност без да е регистриран во трговскиот регистар (член 3 став 1);

4) не склучи договор со корисникот на услугата во која ќе бидат јасно определени условите и начинот на давање на услугите (член 15 став 1 точка 5);

5) нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1);

6) имателот на лиценца ‘А” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 31 на овој закон;

7) имателот на лиценцата ‘Б”при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 32 на овој закон и

8) не е регистриран за вршење на туристичка дејност (член 3 став 2 и член 51 став 2);

ќе донесе решение за привремена забрана во траење од 30 дена.

Против решението од овој член може во рок од осум дена, од денот на приемот на решението, да се изјави жалба до министерот за економија.

Жалбата изјавена против решението од овој член, не го одлага извршувањето на решението.“

Член 20

Членот 66 се брише.

Член 21

Во членот 66-а, ставот 1 се менува и гласи:

“За прекршоците утврдени во член 67, 68 и 70 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Државниот пазарен инспекторат (во натамошниот текст: Прекршочен орган).“

Член 22

Членот 67 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место за прекршок на физичкото лице, ако:

1) не е регистриран за вршење на туристичка дејност (член 3 став 2 и член 51 став 2);
2) не организира туристичко патување за своите членови и членовите на нивното потесно семејство преку туристички агенции, јавно ги огласува и рекламира туристичките патувања (член 6 став1);
3) врши дејност на туристички водич, лице кое е стручен работник кој ја врши дејноста водич на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи (музеј, галерија, национален парк и сл.), стручен работник на туристичката агенција која придружува група туристи во место, водич во планина и пештера, водич на лов и риболов, како и водич или придружник на екскурзии и излети (член 39 став 2) и
4) врши дејност туристички водич или туристички придружник без положен соодветен стручен испит (член 40 став 2 и член 45-а став 1).

Овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, за прекршоците од ставот 1 на овој член е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена, од денот на врачувањето на поканата.

Ако сторителот доброволно не ја плати поканата од ставот 1 на овој член, овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, за прекршоците поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.“

Член 23

Членот 68 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место за прекршок на правното лице, ако:

1) не го извести со посебен образец ДПИ и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку 8 дена пред почетокот на вршењето на дејноста (член 9 став 1);

2) на влезот на деловниот простор не ја истакне фирмата (член 15 став 1 точка 1);
3) назнаката “туристичка агенција”, “патничка агенција“ и вообичаените изрази какви што се “Тоурс“ и “Травел” и слично, во фирмата не ги користат туристичките агенции (член 15 став 1 точка 2);
4) за продажба на авио билети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат (член 15 став 1 точка 11 );
5) на видно место во туристичката агенција не ја истакне лиценцата (член 15 став 1 точка 12);
6) не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги (член 15 став 1 точка 13 );
7) на видно место на влезот на туристичкиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 15 став 1 точка 16);
8) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот и не се придржува на истакнатото работно време (член 56);
9) не ги исполнува пропишаните минимално-технички услови (член 8 став 1);
10) деловниот простор се користи и за друга намена (домување и производство), спротивно на одредбите на членот 10 став 2 на овој закон;
11) на барање на корисникот на услугите не му даде информација во кое својство настапува и колкави се неговите овластувања, ако застапува друга туристичка агенција (член 15 став 1 точка 4);
12) во промотивните печатени материјали, како и во сите работни документи видливо не се истакне фирмата и седиштето на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6);
13) не се придржува при продажбата и реализацијата на договорот и програмата на туристичкиот аранжман (член 15 став 1);
14) договорот не ги содржи елементите предвидени во членот 16;
15) туристичкиот ваучер не ги содржи елементите предвидени во членот 17 став 3 од овој закон и
16) не ја пријави промената на содржината на лиценцата (член 29).

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место и на одговорното лице во правното лице, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место на трговец – поединец, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Државниот пазарен инспектор за прекршоците од ставот 1 на овој член е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.“

Член 24

Членот 70 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 1200 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1)деловницата на туристичката агенција врши активности спротивно на лиценцата што ја поседува туристичката агенција (член 11 став 2);

2) склучи договор со сообраќајни претпријатија чии превозни средства не ги исполнуваат условите определени со пропис од областа на јавниот патен сообраќај (член 15 точка 7);

3)склучува договори и презема други деловни активности со угостителски правни субјекти кои не поседуваат лиценца и категоризација на објектот (член 15 став 1 точка 8);

4)не чува како деловна тајна се што знае за корисникот на услугите и без негово одобрение, освен во законски пропишаните услови, ја даде адресата на корисникот на услугата, местото и времето на патувањето, престојот, уплатената цена, како и името на неговиот сопатник (член 15 став 1 точка 9);

5)не се придржува кон утврдените услови во договорите кои ги воспоставува со корисниците на услуги и третото лице како давател на услуги (член 15 став 1 точка 10);

6)за секоја продадена услуга или аранжман не издаде сметка од фискална каса, како и туристички ваучер за сместување и други услуги на корисникот на услугите (чл.15 ст1 т 14);

7)вршителите на туристичка дејност при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус се должни да обезбедат превозното средство да ги исполнува условите согласно прописите од областа на јавниот патен сообраќај и да има клима-уред, разладен фрижидер, ВЦ и разгласен микрофон (член 19);

8) изврши зголемување на цената утврдена во договорот 20 дена пред договорениот ден за започнување за користење на туристичките услуги (член 20);

9) не му ја врати целата сума која ја платил по договорот, освен во случаите што се предвидени во членовите 21 став 1 точка 2 на овој закон;

10)не постапи во смисла на членот 21 ставови 2 и 3 од овој закон;

11)при реализација на туристички аранжман или патување, или престој во странство на малолетните лица не им овозможи информации за воспоставување на директен контакт со детето и лицето одговорно за давање услуги на детето во местото на патување и престој (член 23 став 2) и

12)при реализација на туристичкиот аранжман, или патување, или престој во странство нема докази дека поседува лиценца (копија заверена од нотар), договори со сместувачките објекти во странство и доказ за извршено плаќање на сместувачки и други услуги преку соодветна банкарска институција (член 24).

Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец - поединец, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

За прекршоците утврдени во овој член, Државниот пазарен инспекторат е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување, пред да поднесе барање за прекршочна постапка до Прекршочна комисија.“

Член 25

Членот 71 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 2000 до 4000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1)не организира туристичко патување за своите членови и членовите на нивното потесно семејство преку туристички агенции, јавно ги огласува и рекламира туристичките патувања (член 6 став1);

2)врши активности спротивно на одредбите од членовите 37 на овој закон;

3) врши дејност без да е регистриран во трговскиот регистар (член 3 став 1);

4)не склучи договор со корисникот на услугата во која ќе бидат јасно определени условите и начинот на давање на услугите (член 15 став 1 точка 5);

5) нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1);

6) имателот на лиценца ”А” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 31 на овој закон и

7) имателот на лиценцата ‘Б”при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 32 на овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 700 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец - поединец, за дејствијата од ставот 1 на овој член.

За прекршоците утврдени во овој член, државниот пазарен инспектор е должен да поднесе барање за прекршочна постапка до надлежниот суд.“

Член 26

Членот 72 се брише.

Член 27

Државниот пазарен инспекторат постапката за порамнување и прекршочната постапка ги води согласно со Законот за државен пазарен инспекторат и Законот за прекршоците.

Член 28

Се задолжува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за туристичка дејност

Член 29

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена, од денот на влегување во овој закон

Член 30

За вршителите на туристичка дејност кои што имаат добиено лиценца пред влегувањето во сила на овој Закон, членовите 25 и 32 ќе започнат да се применуваат по истекот на рокот за важност на лиценцата.

Член 31

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на подобрување на условите за вршење туристичка дејност, подобрување на квалитетот на услугите во туристичката дејност и унапредување на казнената политика, согласно препораките на Владата на Република Македонија.

Со измените се интервенира во материјалниот дел од Законот, и тоа во делот права и обврски на агенциите, вршењето туристичка дејност со лиценца, издавањето и времетраењето на лиценцата, престанокот на важење на лиценцата, одземањето на лиценцата, условите за давање лиценца, подобрување на услугите од туристичките агенции преку ангажирањето специјализирани водичи, покрај туристичките водичи, промена на надлежноста на институциите кои ги определуваат трошоците за полагање стручен испит за добивање сертификат раководител на туристика агенција, туристичките водич, туристичките придружник и тоа:

- со членот 1 се воведува нов членот 19а со кој вршителите на туристичка дејност се обврзуваат, при организирање на туристичките патувања, во патничките програми кои вклучуваат спортско-рекреативни, авантуристички и екстремни активности, освен ангажирање туристички водичи да ангажираат и стручно оспособени лица за такви активности (тренери, инструктори, водичи и слично),

- со членот 2 се врши прецизирање на обврските на туристичките агенции кон корисниците на услугите, во случај откажување на туристичкиот пакет аранжман по грешка на агенцијата,

-со членот 3 се врши измена на членот 25, така што туристичките агенции можат да добијат само лиценца А и Б. Се укинува постоењето и издавањето на лиценцата В,

-со членот 4 се врши измена на член 26, со тоа што се укинува обврската на туристичките агенции при поднесување на Барањето за добивање лиценца, да доставуваат изјава дека од денот на добивањето на лиценцата секоја година ќе доставуваат доказ за позитивен бонитет,

-со членот 5 се врши измена на членот 27 во смисла неограничено времетраење на важноста на лиценцата, се до моментот на нејзиното престанување или одземање согласно условите предвидени во Законот,

-со членот 6 се врши измена во членот 30 на начин што се укинува можноста за престан на важење на лиценцата ако секоја година, сметано од денот на добивање на лиценцата, туристичката агенција не достави доказ за позитивен бонитет и доколку туристичката агенција во периодот на важење на лиценцата престане да ги исполнува условите, врз основа на кои има добиено лиценца В,

-со членот 7 се врши дополнување на законот со нов член 30-а со кој се воведува можноста за одземање на лиценцата од страна на надлежниот орган на државна управа – Министерството за економија, во стриктно определени случаеви,

-со членот 8 се врши допрецизирање на одредбите во членот 31, кој ги регулира условите за добивање лиценца А,

-со членот 9 во целост се менува членот 32, кој ги регулира условите за добивање лиценца “Б“, со цел условите кои важат за лиценца “В“ сега да бидат земени како задолжителни за добивање лиценца “Б“,

-со членот 10 се брише членот 33, во кој се наведени условите за добивање лиценца “В“,

-со членот 11 се врши измена во членот 33-б, во насока укинување на одредбата за определување на висината на трошоците за полагање стручен испит за добивање сертификат за раководење со туристичка агенција, од страна на Владата на Република Македонија. Бидејки во Република Македонија, покрај државните факултети за туризам и угостителство се отворија и приватни високообразовни институции, се направи проценка одредбите со кои Владата на РМ ја утврдува висината на тошоците за полгање стручен испит за добивање сертификат за раководење со туристичка агенција, туристички водич и туристички придружник да бидат избришани т.е истите да бидат определени од страна на високообразовните институции, согласно нивните интерни акти,

-со членот 12 се врши измена во членот 37 така што се укинува можноста за туриситичките агенции со лиценца “Б“, да можат да се занимаваат со сите активности со кои се занимаваат и туристичките агенции со лиценца “А“ на територијата на Република Македонија,

-со членот 13 се врши бришење на членот 38, кој се однесува на начинот на работа на туристички агенции со лиценца “В“,

-со членот 14 се врши измена во членот 42, во насока укинување на одредбата за определување на висината на трошоците за полагање стручен испит за туристички водич, од страна на Владата на Република Македонија и

-со членот 15 се врши измена во членот 45-б во насока укинување на одредбата за определување на висината на трошоците за полагање стручен испит за туристички придружник, од страна на Владата на Република Македонија и

-со членот 16 се врши дополнување на членот 57 во смисла покрај Упатството, да биде донесен и Правилник за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет, во кој ќе биде регулиран начинот, видот и висината на субвенциите.

<u>Во делот на надзорот и прекршочните одредби од Законот</u> се врши рангирање на прекршоците согласно Мерките и Препораките од Владата на Република Македонија, се воведува укажувањето со поканата заедукација за најлесните прекршоци, се врши значително намалување на износот на глобата и тоа на следниов начин:

-со членот 17 се врши измена на членот 61, со тоа што за прекршоците од I ранг, наместо забрана за вршење дејност се предвидува укажување за неправилностите констатирани на записник, со определување рок од 8 дена за нивно отстранување и со истовремено врачување покана за спроведување едукација на лицето, или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор,

-со членот 18 се врши бришење на членот 62, кој ги уредува обврските на инспекторите за постапување во случај на оправдано сомневање за сторен прекршок. Ова од причина што овие одредби веќе се содржани во Законот за инспекциски надзор и Законот за државен пазрен инспекторат,

-со членот 19 се врши измена на член 65, со тоа што се предвидува привремена забрана во траење од 30 дена, за прекршоците од III ранг. Во случајот се врши и намалување на траењето на привремената забрана, од 60 на 30 дена,

-со член 20 се брише членот 66, во кој се предвидени управни мерки за сторени прекршоци од правни лица, во времетраење од 30 до 60 дена,

-со член 21 се врши прецизирање на типот на прекршоци, за кои прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Државниот пазарен инспекторат,

-со член 22 се врши измена на членот 67 во кој се издвојуваат прекршоците за физичките лица и значително се намалува износот на глоба од 700 на 400 евра,

-со член 23 се врши измена на член 68, во кој се издвојуваат прекршоците за кои се изрекува глоба во износ од 1000 евра, на лице место за правното лице,

-со член 24 се врши измена на член 70 во кој се издвојуваат прекршоците за кои се изрекува глоба во износ од 1200 евра, за правното лице,

-со членот 25 се врши измена на 71 во кој се издвојуваат прекршоците за кои се изрекува глоба во износ од 2000 до 4000 евра, за правното лице, како и се води постапка пред надлежен суд,

-со член 26 се брише членот 72, кој ги издвојува типот на прекршоци за кои е дозволено изрекување глоба, на лице место, за правно лице, трговец поединец и физичко лице и

-членовите 27, 28, 29 и 30 преставуваат предни и завршни одредби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со измените на Законот за туристичката дејност се предвидува измена на постоечките одредби на законот, решенијата содржани во предлог - одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на законот ќе се постигне подобрување на условите за вршење туристичка дејност во Република Македонија.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 19

Вршителите на туристичка дејност при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус се должни да обезбедат превозното средство да ги исполнува условите согласно прописите од областа на јавниот патен сообраќај и да има клима-уред, разладен фрижидер, ВЦ и разгласен микрофон.

Член 21

Во случај кога туристичката агенција го откаже туристичкиот пакет аранжман од било која причина, освен поради грешка на корисникот пред договорената дата на тргнување, корисникот на услугите има право:

1. да земе туристички аранжман кој му одговара или друг сличен пакет-аранжман од повисок квалитет таму каде што туристичката агенција може да му понуди како замена. Ако туристичкиот пакет-аранжман на замената е од понизок квалитет туристичката агенција ќе му ја врати разликата во цената на корисникот; или

2. да му се врати во најкус можен рок целата сума која ја платил по договорот, освен кога:

- пакет-аранжманот е откажан поради тоа што бројот на лицата кои се пријавиле е помал од минималниот број потребен и корисникот за тоа е писмено известен, во периодот определен во договорот за пакет-аранжманот; или

- откажувањето, освен во случаи на пребукирање е од виша сила, на пример: необични и непредвидени околности надвор од контролата на лицето кое што се повикува на тоа, а последиците од тоа не би можеле да се избегнат дури и да се преземени сите предостржности.

Ако по тргнувањето голем дел од услугите не се остварени/дадени или ако туристичката агенција увиди дека не е во можност голем дел од услугите да ги изврши, ќе предложи алтернативни аранжмани што одговараат за продолжување на пакет-аранжманот, без дополнителни трошоци за корисникот и ако треба ќе компензира на корисникот за разликите помеѓу понудените и добиените услуги.

Ако не е возможно да се направат алтернативните аранжмани во смисла на претходниот став од овој член, или тие не се прифатени од корисникот поради оправдани причини, туристичката агенција ќе направи алтернативни аранжмани какви што одговараат без дополнителни трошоци за корисникот, со еквивалентен превоз назад до местото на тргнување, или на некое друго место каде што корисникот се сложил и ако треба ќе го компензира корисникот.

Член 25

Туристичките агенции за вршење на дејноста мора да имаат лиценца за вршење на туристичката дејност (во натамошниот текст: лиценца).

Лиценцата може да биде: лиценца “А”, лиценца “Б” и лиценца “В”.

Лиценцата од став 2 на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот или овластена институција.

За да биде овластена институцијата од став 3 на овој член треба да има вработено најмалку три лица со високо образование и тоа од областа на правото, економијата и туризмот. Институцијата од став 3 на овој член ја овластува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот ја пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата од став 2 на овој член.

Член 27

Лиценцата се издава во рок од осум дена од денот на поднесување на барањето од страна на вршителот на туристичката дејност.

Доколку лиценцата не биде издадена во рокот од ставот 1 на овој член се смета дека барањето е позитивно одговорено.

Лиценцата има важност од три години.

Член 30

Лиценцата престанува да важи:

1.по истекот на рокот на важење на лиценцата;

2.ако секоја година сметано од денот на добивањето на лиценцата не достави доказ за позитивен бонитет;

3.ако туристичката агенција во периодот на важење на лиценцата претстане да ги исполнува условите за вршење на туристичка дејност, односно определените услови за добивање на соодветна лиценца предвидени во членовите 31, 32 и 33 на овој закон и

4.врз основа на барање на носителот на лиценца за бришење од регистарот на туристичките агенции.

Решение за престанок на важење на лиценцата од овој член донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот и овластената институција од членот 25 став 3 на овој закон.

Решението од став 1 на овој член се запишува во регистарот од член 28 на овој закон, односно овластената институција за издавање на лиценца.

Против решението за престанок на важење на лиценцата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот може да се изјави жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на туризмот.

Против решението за престанок на важење на лиценцата на овластената институција од членот 25 став 3 на овој закон може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Член 31

За добивање лиценца “А” туристичката агенција мора да ги исполнува следниве услови:

1) да склучи годишен договор со осигурително друштво за осигурување за одговорност од вршење на дејноста во износ од 100.000 евра во денарска противвредност, или да обезбеди банкарска гаранција во износ од 100.000 евра.
2) лицето кое раководи со туристичката агенција треба да има сертификат за раководење со туристичката агенција;
3) да има најмалку четири вработени лица, од кои две лица со доказ дека активно познаваат еден од светските јазици и

4) да има туристички придружник при секоја реализација на патувањето во земјата или странство за најмалку десет лица, како и туристички водич за посета и разгледување на туристичките места.

Член 32

За добивање лиценца "Б" туристичката агенција мора да ги исполнува следниве услови:

1) да склучи годишен договор со осигурително друштво за осигурување за одговорност од вршење на дејноста во износ од 50.000 евра во денарска противвредност или да обзбеди банкарска гаранција во износ од 50.000 евра.
2) лицето кое раководи со туристичката агенција треба да има сертификат за раководење со туристичката агенција;
3) да има најмалку две вработени лица, од кои едно лица со доказ дека активно познава еден од светските јазици и

4)да има туристички придружник при секоја реализација на патувањето во земјата или странство за најмалку десет лица, како и туристички водич за посета и разгледување на туристичките места.

Член 33

За добивање лиценца "В" туристичката агенција мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има вработено лице со доказ дека активно познава еден од светските јазици и

2) да има туристички придружник при секоја реализација на патувањето во земјата или странство за најмалку десет лица, како и туристички водич за посета и разгледување на туристичките места.

Член 33-б

Трошоците за полагање на стручен испит за добивање сертификат за раководење со туристичката агенција ги намирува кандидатот.
Трошоците од ставот 1 на овој член се уплаќаат на сметка на високообразовната установа за туризам и угостителство.
Трошоците од ставот 1 на овој член, можат да ги надоместат правните и физичките лица кои се заинтересирани за добивање на лиценца.
Висината на трошоците од ставот 1 на овој член, во зависност од фактичките трошоци за полагање на стручниот испит, ја определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Член 37

Туристичката агенција, носител на лиценца “Б” може да врши продажба и посредување на туристичките патувања организирани од вршителите на туристичката дејност со лиценца “А”, како и други услуги во смисла на член 12, 13 и 14 од овој закон.

Туристичката агенција која добила лиценца “Б” може да ги врши сите активности во странство соогласно овој закон, ако е овластена од страна на туристичката агенција која поседува лиценца “А” со склучување на договор.

Врз основа на добиената лиценца “Б” туристичката агенција може да се занимава со сите активности со кои може да се занимава туристичката агенција која има добиено лиценца “А” но само во рамките на земјата.

Член 38

Туристичката агенција, носител на лиценца “В” може да врши продажба на туристички патувања во земјата организирани од имателите на лиценца “А” и лиценца “Б”, кои се должни да ги осигураат патниците.

Врз основа на добиената лиценца “В” туристичката агенција може да се занимава со активностите наведени во членовите 12, 13 и 14 од овој закон.

Туристичката агенција која има добиено лиценца “В” може во земјата да ја претставува туристичката агенција која поседува лиценца “А” или лиценца “Б”, ако добила такво овластување со склучување на договор.

Член 42

Трошоците за полагање на стручен испит за туристички водич ги намирува кандидатот.

Трошоците од ставот 1 на овој член се уплаќаат на сметка на високообразовната установа за туризам и угостителство.

Трошоците од став 1 на овој член, можат да ги надоместат правните и физичките лица кои се заинтересирани за услугите на туристичките водичи.

Висината на трошоците од став 1 на овој член ја определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од обласа на туризмот.

Член 45-б

Трошоците за полагање на стручен испит за туристички придружник ги намирува кандидатот.
Трошоците за полагање на стручниот испит се уплаќаат на сметка на високообразовната установа за туризам и угостителство.
Трошоците од ставот 1 на овој член можат да ги надоместат правните и физичките лица кои се заинтересирани за услугите на туристичките придружници .
Висината на трошоците од ставот 1 на овој член, во зависност од фактичките трошоци за полагање на стручниот испит, ја определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Член 57

Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на туризмот донесува годишна “Програма за развој на туризмот “.

Заради побрз развој на туризмот и формирање поконкурентни цени на туристичките аранжмани, ќе се донесе Упатство за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет што ќе го донесе министерот надлежен за работите од областа на туризмот.

Средствата од ставовите 1 и 2 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија

Член 61

Овластениот инспектор на општината, а во градот Скопје овластениот инспектор на градот Скопје при вршење на надзорот ако утврди дека физичкото лице:

1.дејноста туристички водич или туристички придружник ја врши без да е запишан во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје, во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје (член 3 став 2);

2.исполнувањето на минимално техничките услови не го пријави со посебен образец на градоначалникот на општината, а во градот Скопје, во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје (член 9 став 1);

3.врши дејност како туристички водич без да има стручна подготовка и положен стручен испит за туристички водич (член 40 став 2);

4.врши дејност како туристички придружник без да има положен стручен испит за туристички придружник (член 45-а)

5.врши дејност како туристички придружник без да има најмалку средна стручна подготовка (член 47);

6.туристичкото биро врши активности спротивно на член 49 на овој закон;

7.врши услуги во селски, етно и еколошки туризам спротивно на одредбите од член 51 на овој закон;

8.не го пријави работното време кај градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје во смисла на член 55 став 1 на овој закон;

ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста и ќе определи рок за отстранување на утврдените недостатоци.

Ако во определениот рок физичкото лице не ги отстрани утврдените недостатоци, овластениот инспектор на општината, а во градот Скопје овластениот инспектор на градот Скопје ќе донесе решение за забрана на вршење на туристичка дејност во времетраење од 30 дена.

Против решението од став 1 и став 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на истото до министерот кој раководи со органоте на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 62

Ако при вршењето на надзорот овластениот инспектор на општината, а во градот Скопје овластениот инспектор на градот Скопје дојде до сознание дека постои основа на сомневање дека е извршен прекршок со кој е сторена повреда на овој закон или друг пропис, должен е без одлагање да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

Член 65

Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека вршителот на туристичката дејност:

1.не е регистриран за вршење на туристичка дејност (член 3 став 1);

2.ја врши дејноста без да се исполнети пропишаните минимално-технички услови и другите услови пропишани со закон (член 8);

3.за исполнувањето на минимално-техничките услови не го пријави со посебен образец Државниот пазарен инспекторат (член 9 став 1);

4.деловниот простор се користи спротивно на одредбата од членот 10 став 2 на овој закон;

5.назнаката "туристичка агенција", патничка агенција и вообичаените изрази какви што се "Tours" и "Travel" и слично во фирмата не ги користат туристичките агенции (член 15 став 1 точка 2);

6.не склучи договор со корисникот на услугата во кој би биле јасно определени условите и начинот на давање на услугите (член 15 точка 5);

7.не склучи договор со сообраќајни претпријатија чии превозни средства ги исполнуваат условите определени со пропис од областа на јавниот патен сообраќај (член 15 точка 7);

8.склучува договори и презема други деловни активности со угостителски правни субјекти кои не поседуваат лиценца и категоризација на објектот (член 15 став 1 точка 8);

9.за секоја продадена услуга или аранжман не издаде сметка од фискална каса, како и туристички ваучер за сместување и други услуги на корисникот на услугата (член 15 став 1 точка 14);

10.при продажбата и реализацијата не се придржува на договорот и програмата за туристичкиот аранжман (член 15 став 1 точка 10);

11.Вршителите на туристичка дејност при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус се должни да обезбедат превозното средство да ги исполнува условите согласно прописите од областа на јавниот патен сообраќај и да има клима-уред, разладен фрижидер, ВЦ и разгласен микрофон (член 19);

12.не му ја врати целата сума која ја платил по договорот, освен во случаите што се предвидени во членот 21 ставови 2 и 3 од овој закон;

13.не постапи во смисла на членот 21 ставови 2 и 3 од овој закон;

14.при реализација на туристичкиот аранжман или патување и престој во странство на малолетни лица не овозможи информации за воспоставување на директен контакт со детето и лицето одговорно за давање услуги на детето во местото на патување и престој (член 23 став 2);

15.при реализација на туристичкиот пакет-аранжман или патување или престој во странство нема докази дека поседува лиценца (копија заверена од нотар, договори со

сместувачките објекти во странство и доказ за извршени плаќања за сместувачки и други услуги преку соодветна банкарска институција (член 24);

16.нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1);

17.еднаш годишно не достави доказ за позитивен бонитет (член 30 став 1 точка 2);

18.имателот на лиценца “А” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од член 31 на овој закон;

19.имателот на лиценца “Б” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите член 32 на овој закон;

20.имателот на лиценца “В” при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите член 33 на овој закон;

ќе донесе решение за забрана на вршење на туристичката дејност во траење од 30 дена, ќе го затвори туристичкиот објект и на видно место ќе ја објави причината за затварање на објектот.

Доколку и по втор пат во текот на годината е направен прекршок од став 1 на овој член, надлежниот инспекциски орган ќе донесе решение со кое ќе изрече забрана за вршење на туристичка дејност во траење од 60 дена, ќе го затвори туристичкиот објект и на видно место ќе ја објави причината за затварање на објектот.

Во случаите од став 1 алинеја 7 на овој член пазарниот инспектор ќе му предложи на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот да ја одземе лиценцата.

Против решението од став 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот.

Жалбата изјавена против решението од став 1 на овој член не го одлага неговото извршување

Член 66

Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека вршителот на туристичката дејност:

1. на влезот на деловниот простор не ја истакне фирмата (член 15 став 1 точка 1);

2. кога продава пакет аранжмани не му даде на потрошувачот општи информации во врска со пасошот и визата кои се однесуваат на граѓаните на Република Македонија, а особено во врска со времето потребно за да се добијат, како и за здравствените формалности неопходни за патувањето и престојот (член 15 став 1 точка 3 )

3.во промотивните печатени материјали како и во сите работни документи, видливо не се истакне фирмата и седиштето на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6 );

4.на видно место во туристичката агенција не ја истакне лиценцата или копија заверена од нотар (член 15 став 1 точка 12);

5.не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги (член 15 став 1 точка 13);

6.договорот не ги содржи елементите предвидени во член 16 на овој закон;

7.туристичкиот ваучер не ги содржи елементите од член 17 став 3 на овој закон;

8.информациите во издадената патничка програма не се вистински и разбирливи (член 18 став 1);

9.патничка програма не ги содржи елементите предвидени во член 18 став 2;

10. на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат ( член 15 став 1 точка 10)

11.врши активности спротивно на одредбите од членовите 37 и 38 на овој закон;

12.ангажира туристички водич стручен работник кој ја врши дејноста на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи (музеј, галерија, национален парк и сл.), стручен работник на туристичка агенција која придружува група туристи од место до место, водич во планина и пештера, водич на лов и риболов како и водител или пратител на екскурзии и излети (член 39 став 2);

13.ангажира туристички придружник кој нема најмалку средна стручна подготовка И нема положено стручен испит ( член 47 и член 45-а );

14.не го пријави работното време на Државниот инспекторат за труд (член 55 став 1); и

15.не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот и не се придржува на истакнатото работно време (член 56 став 1);

ќе донесе решение со кое на лице место ќе го затвори туристичкиот објект и ќе му определи рок од пет дена за отстранување на утврдените недостатци. Ако во определениот рок не се отстранат утврдените недостатоци, надлежниот инспекциски орган ќе донесе решение за забрана на вршење на туристичка дејност во траење од 30 дена и на видно место ќе ја објави причината за затварање на објектот.

Доколку и по втор пат во текот на годината е направен прекршок од став 1 на овој член, надлежниот инспекциски орган ќе донесе решение со кое ќе изрече забрана за вршење на туристичка дејност во траење од 60 дена, ќе го затвори туристичкиот објект и на видно место ќе ја објави причината за затварање на објектот.

Против решението од став 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од обласа на туризмот.

Жалбата изјавена против решението од став 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

## Член 66-а

За прекршоците утврдени во член 68,70,71и72 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Државниот пазарен инспекторат (во натамошниот текст : Прекршочен орган) .

Прекршочната постапка од став 1 на овој член пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок ( во натамошниот текст: Прекршочна комисија), составена од службени лица овластени од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од обласа на туризмот.

Државниот пазарен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка согласно одредбите од Законот за прекршоци.

Член 67

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1)не организира туристичко патување за своите членови и членовите на нивното потесно семејство преку туристички агенции, јавно ги огласува и рекламира туристичките патувања (член 6 став 1);

2)деловницата на туристичката агенција врши активности спротивно на лиценцата што ја поседува туристичката агенција (член 11 став 2);

3) склучи договор со сообраќајни претпријатија чии превозни средства не ги исполнуваат условите определени со пропис од областа на јавниот патен сообраќај (член 15 точка 7);

4) склучува договори и презема други деловни активности со угостителски правни субјекти кои не поседуваат лиценца и категоризација на објектот( член 15 став 1 точка 8);

5) не чува како деловна тајна се што знае за корисникот на услугите и без негово одобрение, освен во законски пропишаните услови, ја даде адресата на корисникот на услугата, местото и времето на патувањето, престојот, уплатената цена, како и името на неговиот сопатник (член 15 став1 точка 9);

6) не се придржува кон утврдените услови во договорите кои ги воспоставува со корисниците на услуги и третото лице како давател на услуги (член 15 став 1 точка 10);

7) Вршителите на туристичка дејност при организирањето на туристичките патувања во странство со автобус се должни да обезбедат превозното средство да ги исполнува условите согласно прописите од областа на јавниот патен сообраќај и да има клима-уред, разладен фрижидер, ВЦ и разгласен микрофон (член 19);

8)изврши зголемување на цената утврдена во договорот 20 дена пред договорениот ден за започнување за користење на туристичките услуги (член 20);

9)не му ја врати целата сума која ја платил по договорот, освен во случаите што се предвидени во членовите 21 став 1 точка 2 на овој закон;

10) не постапи во смисла на членот 21 ставови 2 и 3 од овој закон;

11) при реализација на туристички аранжман или патување,или престој во странство на малолетните лица не им овозможи информации за воспоставување на директен контакт со детето и лицето одговорно за давање услуги на детето во местото на патување и престој(член 23 став 2);

12) при реализација на туристичкиот аранжман или патување или престој во странство нема докази дека поседува лиценца (копија заверена од нотар), договори со сместувачките објекти во странство и доказ за извршено плаќање на сместувачки и други услуги преку соодветна банкарска институција (член 24);

13) врши активности спротивно на одредбите од членовите 37 и 38 на овој закон .

За дејствијата од ставот 1 на овој член , покрај глобата за правното лице ќе се изрече и санкција привремена забрана за вршење на туристичка дејност во траење од една до три години.

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност на самото место на правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност на самото место и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години.

Член 68

Глоба во износ од 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:
1)врши дејност без да е регистриран во трговскиот регистар (член 3 став 1);
2)не ги исполнува пропишаните минимално-технички услови (член 8 став 1);
3)не го извести со посебен образец Државниот пазарен инспекторат и градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото на седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат туристичките услуги најмалку осум дена пред почетокот на вршењето на дејноста(член 9 став1);
4)деловниот простор се користи и за друга намена (домување и производство), спротивно на одредбите на членот 10 став 2 на овој закон;
5) на влезот на деловниот простор не ја истакне фирмата (член 15 став 1 точка 1);
6) назнаката "туристичка агенција", " патничка агенција' и вообичаените изрази какви што се "Тоурс " и "Травел" и слично, во фирмата не ги користат туристичките агенции (член 15 став 1 точка 2);
7) на барање на корисникот на услугите не му даде информација во кое својство настапува и колкави се неговите овластувања, ако застапува друга туристичка агенција (член 15 став 1 точка 4);
8) не склучи договор со корисникот на услугата во која ќе бидат јасно определени условите и начинот на давање на услугите(член 15 став 1 точка 5);
9) во промотивните печатени материјали , како и во сите работни документи видливо не се истакне фирмата и седиштето на туристичката агенција (член 15 став 1 точка 6);
10) за продажба на авио билети туристичката агенција нема вработено лице со ИАТА сертификат (член 15 став 1 точка 11 );
11)на видно место во туристичката агенција не ја истакне лиценцата (член 15 став 1 точка 12);
12) не ги истакне цените на туристичките аранжмани и поединечните услуги (член 15 став 1 точка 13 );
13) за секоја продадена услуга или аранжман не издаде сметка од фискална каса, како и туристички ваучер за сместување и други услуги на корисникот на услугите (член 15 став1 точка 14);
14) не се придржува при продажбата и реализацијата на договорот и програмата на туристичкиот аранжман (член 15 став 1 точка 15);
15) на видно место на влезот на туристичкиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 15 став 1 точка 16);
17) договорот не ги содржи елементите предвидени во членот 16 на овој закон;
18) туристичкиот ваучер не ги содржи елементите предвидени во членот 17 став 3 од овој закон;
19) нема лиценца за вршење на туристичка дејност (член 25 став 1 );
20) не ја пријави промената на содржината на лиценцата (член 29);
21) имателот на лиценца 'А" при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 31 на овој закон;
22) имателот на лиценцата 'Б"при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 32 на овој закон;
23) имателот на лиценцата "В" при вршењето на својата дејност не ги исполнува условите од членот 33 на овој закон и
24) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот и не се придржува на истакнатото работно време (член 56) .
За дејствијата од ставот 1 на овој член , покрај глобата за правното лице ќе се изрече и санкција привремена забрана за вршење на туристичка дејност во траење од 30 дена.

Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице .
За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност на самото место и на одговорното лице во правното лице.
Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за дејствијата од ставот 1 точка 1 на овој член и на физичкото лице.
За дејствието од ставот 1 точка 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на самото место и на физичко лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во обласна на туризмот во траење од 3 од 15 дена.

Член 70

Глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот на туристичката дејност - трговец поединец за дејствијата од членовите 67 и 68 на овој закон.
За дејствијата од членот 67 став 1 и членот 68 став 1 на овој закон, покрај глоба ќе се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење туристичка дејност во траење од најмалку три дена до најмногу 30 дена.
За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност на самото место и на трговец-поединец.

Член 71

Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичкото лице ако:
1.не е регистриран за вршење на туристичка дејност (член 3 став 2 и член 51 став 2);
2.врши дејност на туристички водич, лице кое е стручен работник кој ја врши дејноста водич на своето работно место кај правни лица во деловниот објект во кој работи (музеј, галерија, национален парк и сл.), стручен работник на туристичката агенција која придружува група туристи во место во место, водич во планина и пештера, водич на лов и риболов, како и водич или придружник на екскурзии и излети (член 39 став 2);
3.врши дејност туристички водич или туристички придружник без положен соодветен стручен испит (член 40 став 2 и член 45-а став 1);
4.дава услуги без посредување на вршителите на туристичка, односно угостителска дејност без да склучи договор (член 51 став 6).

Член 72

За дејствијата од членот 68 став 1 точки 3, 5, 7,8,10,11 и 21 од законот овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје може да изрече глоба на самото место и тоа :
1) за правно лице 400 евра во денарска противвредност
2) за одговорно лице 300 евра во денарска противвредност
3)за физичко лице трговец-поединец 200 евра во денарска противвредност
За дејствијата од членот 71 став 1 точки 1, 3 и 4 на овој закон, може да се изрече глоба на самото место во износ од 100 евра.